ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 26 јули 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Превентивни прегледи кај матичните лекари

## За шест месеци прегледани над 93.000 осигуреници

Со воведување на превентивните цели во примарната здравствена заштита, за дејноста општа медицина, овозможуваме рационализирање и правилно искористување на средствата на Фондот, како и подигнување на квалитетот на здравствена заштита во државата. Имено, Фондот за здравство на Македонија како обврска за матичните лекари воведе три цели, кои се превентивни мерки за рано и навремено откривање на трите најчести незаразни заболувања: кардиоваскуларните, бубрежните заболувања и дијабетес мелитус, како и секундарна превенција на можните компликации од истите кои лекарите мора да ги реализираат.




За таа цел матичните лекари во 2016 и 2017 година треба да извршат превентивни прегледи на осигуреници на возраст од 35 до 56 годишна возраст. Таргетирани се 664.000 осигуреници од кои за првото полугодие од 2016 година, превентивни прегледи направиле 93.907 осигуреници.

Кажано во бројки од околу 90,000 осигуреници кои го посетиле матичниот лекар во првите шест месеци од 2016 и направиле **преглед за кардиоваскуларни заболувања**, утврдено е дека низок ризик имаат 42.982 жени и 12.928 мажи. Кај околу 21.600 мажи и околу 11.200 жени откриен е среден ризик од кардиоваскуларни заболувања, а кај 172 мажи и 1 жена откриен е висок ризик од кардиоваскуларна фатална епизода во наредните десет години. На лицата со висок ризик е даден соодветен совет или терапија, а воедно се упатени на кардиолог за понатамошно следење. Со следење на советите на лекарите,

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk


поздрава исхрана и поголема физичка активност, а во некои случаи и примање на терапија, ќе се избегне фаталниот кардиоваскуларен исход (мозочен удар, срцев удар, како и смрт причинета од истите).

За **превенција од нефролошки заболувања**, испитани се 93.907 осигуреници и кај 93.538 лица утврден е низок ризик од добивање на нефролошко заболување. Кај 368 лица утврден е умерен ризик, а 1 лице е висок ризик. Од испитувањата кај матичните лекари за нефролошките заболувања, утврдивме дека иако нашите осигуреници се со низок ризик од нефролошко заболување, согласно препораките на лекарите, мораат веднаш да намалат внес на соли, шеќери и мрсна храна, затоа што 285 лица имаат крвен притисок над 160 со 120, кај 3.970 лица се пронајдени протеини во урина. На 1853 лица е утврдена намалена бубрежна функција според GFR (громелурална стапка на филтрација на бубрег). Намалениот GFR е состојба која е загрижувачка и која укажува на почеток на губење на бубрежната функција, иако во моментот пациентот не е во ризична категорија. Намалувањето на бубрежната функција GFR е најголемиот ризик фактор за добивање на бубрежно заболување и комплетно губење на бубрежната функција.




За третото заболување – **рана превенција од дијабетес**, за кое матичните лекари направија превентивни прегледи, утврдена е следната состојба: од 88.099 испитаници, кај 75.540 лица е утврден низок ризик од добивање на дијабетес, лесно покачен и умерен ризик е откриен 12.294 лица, додека висок ризик е откриен кај 242 лица. Интересен показател е дека кај 6.708 лица индексот на телесна маса е прекумерен, над 30 поени (BMI) односно тие осигуреници се со обезитас (дебелина). Кај 256 лица за кои лекарите се сомневале за скриен шеќер и ги упатиле за орален гликоза толеранс тест, поставена им е дијагноза дијабетес кај 105 од овие испитаници, а кај 38 е утврдена преддијабетична состојба.

Карактеристичен заеднички именител кај овие три најчести незаразни заболувања е тоа што со намалување на внес на соли, шеќери и масна храна, се намалува и ризикот од овие заболувања. Препорака на лекарите е да се намали директниот внес на сол за готвење и

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



шеќер кој го користиме во кафето или чајот, како и индиректниот внес на соли преку, храната, чипсот, саламите, шеќерот во газираните и негазираните пијалоци, алкохолот, маснотијата во секоја форма на храната која ја внесуваме. Намалувањето на внес на сите овие работи, значи и намалување на ризикот од заболување.

Матичните лекари ги канат своите пациенти преку телефон и преку покани по пошта затоа апелираме до граѓаните да се појавуваат на закажаните превентивни прегледи, а матичните лекари совесно и посветено да ја извршуваат својата работа и ажурно да ги реализираат превентивните мерки и активности. Фондот еднаш годишно врши контрола за точноста на извршените превентивни прегледи.

Дополнително во првите шест месеци, кај матичните лекари дошле на преглед веќе дијагностицирани хронични пациенти и тоа : 14.144 хронично болни лица од кардио васкуларни болести ( мозочен и срцев удар, стентирани пациенти, пациенти со запушени големи крвни садови и сл.). 1056 пациенти со тешко бубрежно заболување како и 19.349 лица со дијабетес. Во насока на поголема информираност на осигурениците кои веќе имаат едно од хроничниве заболувања, Фондот изработи и испечати едукативни материјали - флаери. Овој едукативен материјал е дел од севкупниот сет на мерки на Владата за грижа и превенција на здравјето на осигурениците. За потаргетирана достава на едукативните флаери, Фондот ги достави до матичните лекари за тие да ги дистрибуираат на своите пациенти на кои им се потребни. Вкупната бројка на испечатен едукативен материјал се вкупно 350.000 флаери, од кои 180.000 флаери се таргетирани за пациентите со дијабетес, 150.000 флаери за пациентите кои се со висок ризик од кардиваскуларни заболувања, 10.000 за пациентите со бубрежна слабост на преддијализа, како и по 5.000 флаери за пациентите на дијализа и за предностите од трансплантација на бубрег. Доколку матичните лекари ги издале сите флаери на своите хронично болни лица, а немаат повеќе потребно е да побараат нови преку подрачните служби на нивна територија.

Како заокружување на грижата за осигурениците и нивната информираност, Фондот реализира и дополнителен проект, грижа за хронично болни лица, при што тимови на вработени од Фондот телефонски ги потсетуваат хроничните пациенти да ги извршат редовните прегледи и контроли и да ги почитуваат советите на лекарите за да се спречи влошување на здравствената состојба.

Сакаме да истакнеме дека досега тимовите на Фондот контактирале со 42.600 граѓани за да ги информираат и потсетат за почитување на насоките на лекарите, како и на важноста од редовни контроли и спроведување на пропишаната терапија. Одзивот на граѓаните е охрабрувачки бидејќи сите искажаа задоволство што некој ги контактира  со цел да ги информира и потсети колку е важна грижата за сопственото здравје.